До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку контакт формата на web страна на Државната комисија, доставено е Барање за мислење во врска со можен судир на инатереси и надлежности при вршење контроли на лице место.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаваде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Имено, согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Државната комисија констатира дека во однос на прашањето дали ангажирањето на државни инспектори за земјоделство за вршење контроли на лице место за потребите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој претставува постапување надвор од нивните законски утврдени надлежности, Државната комисија укажува дека истото се однесува на толкување и примена на одредбите од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство и Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, поради што ова прашање не е во надлежност на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Во однос на тоа дали инспекторите може да се доведат до нарушување на принципот на независност при вршење на инспекцискиот надзор, со оглед дека согласно член 32 став 3 од Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, истите институции вршат инспекциски надзор над истите или сродни постапки, Државната комисија укажува дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, службените лица се должни во вршењето на своите овластувања и должности да внимаваат на постоење на потенцијален судир на интереси и да преземат мерки за негово избегнување.

Во врска со прашањето дали постои ризик од судир на интереси, односно ситуација во која службени лица би можеле да учествуваат во претходна фаза на контрола поврзана со одлучување за доделување финансиска подршка, а потоа да вршат инспекциси надзор над истите и сродни постапки, потребно е да се применуваат

законските одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес каде е предвидено:
Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен."

Член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го предвидува изземањето на службените лица при постоење на судир на интереси или потенцијален судир на интереси:
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси."

Имено согласно член 7 став 2 од Законот за инспекциски надзор :
,, (2) Инспекторот е должен да внимава на постоење на судир на интереси со субјектите на инспекциски надзор согласно закон.''

Со член 44 став 1 алинеја 3 од истиот закон е утврдена одговорноста на инспекторот и дека треба да:
,,(1) Покрај одговорноста за дисциплинска неуредност и дисциплински престап согласно Законот за административни службеници, инспекторот е дисциплински одговорен за дисциплински престап и ако при вршење на инспекцискиот надзор не:
-пријави судир на интереси согласно закон.''

Во однос на прашањето дали евентуалното ангажирање на инспектори за вршење вакви активности без јасен и формален правен основ е во согласност со принципот на законитост во вршењето на јавните овластувања, Државната комисија укажува дека прашањата кои се однесуваат на оценка на законитоста на постапувањето, како и на толкување и примена на одредбите со кои се уредува обемот на законските овластувања на органите, не се во нејзина надлежност.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT